Neni 8

Ky vendim hyn në fuqi në ditën e sjelljes së tij, botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe publikohet në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës, të Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të Menaxhimit me Mbeturina Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të zbatohet nga ora 00:01 datë 8.5.2024.

Nr. 02-866/1
7.5.2024
Shkup

Komisioni Rregullator i Energjetikës, Shërbimeve të Ujit dhe të Shërbimeve të të Menaxhimit me Mbeturinat Komunale të Republikës së Maqedonisë së Veriut
Zëvendëskryetari,
**Lirim Sulejmani,** d.v.

## КОМИСИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ

**1918.**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/05, 70/06, 81/08, 47/11, 135/11, 112/14, 145/15 и 220/19), Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност на седницата одржана на 2.5.2024 година ја донесе следната

### ТАРИФА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА

Член 1

Во Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, во член 3 во ставот 3 по зборовите „од 15%" се додаваат зборовите „но не повеќе од 30%".

По ставот 3 се додаваат два нови ставови 4 и 5 кои гласат:

„По исклучок на ставот 3, Друштвото за осигурување може да донесе одлука за зголемување на делот на премија за вршење на дејноста на осигурување над 30% од техничката премија, само по добиена претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување.

Комисијата за осигурување од автомобилска одговорност најдоцна до 30 септември во тековната година до Владата на Република Северна Македонија доставува предлог за минимална и максимална стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност за следната година".

Ставот 4 станува став 6.

Член 2

Оваа тарифа ќе се применува од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Комисија за осигурување
од автомобилска одговорност,
Претседател,
**Јордан Трајковски,** с.р.

**1919.**

### И С П Р А В К А

Во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/24 од 2 мај 2024 година на страница 2 во Службениот дел, објавен е Правилник за начинот на утврдување на несообразноста и висината на процентот на намалување на директните плаќања во случај на несообразност (*), во кој е направена техничка грешка и во преамбулата недостасуваат зборовите:„ Врз основа на член 57 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на." Останатиот дел од правилникот останува непроменет.